# ПРОЦЕДУРА
# ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ОЦЕНА И ОДБРАНА НА ДОКТОРСКИ ТРУД И/ИЛИ ИЗВЕДБА НА УМЕТНИЧКО ДЕЛО

## СОДРЖИНА:

1. **Цел**
2. **Подрачје и примена**
3. **Дефиниции и кратенки**
4. **Одговорности**
5. **Опис на процедурата**
6. **Мерење**
7. **Документи и прилози**

| | Датум | Име и презиме | Функција |
|---|---|---|---|
| Изработил | 25.4.2018 година | м-р Светлана Попова | Секретар на докторска школа |
| Одобрил | 8.5.2018 година | Проф. д-р Блажо Боев | Ректор |
| Правен основ: Врз основа на член 52 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15 , 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16) | | | |
| Усвоил: Универзитетски сенат (број на седница: 148 датум; 8.5.2018 година | | | |

Овој документ е сопственост на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип и претставува класифицирана информација. Не се дозволува пренос на други лица. Правата се регулирани со Законот за авторски права. Забрането е фотографирање, магнетски запис или кој било друг вид запис.

## 1. Цел

Цел на овие процедури е да го дефинира редоследот на активностите кои треба да се опфатени во постапката за оценка и одбрана на докторски труд и/или изведба на уметничко дело  и одговорностите на вработените за секоја од нив поединечно.

## 2. Подрачје на примена

Се применува на единиците на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип

## 3. Дефиниции и кратенки

ОИДК - Одделение за издавачка дејност и култура
ННС – наставно-научен совет
ОМДС – Одделение за магистерски и докторски студии

## 4. Одговорности:

4.1. Главен носител на одговорностите за постапката за оценка и одбрана на докторски труд и/ или изведба на уметничко дело е ННС на Кампусот и членовите на комисиите.
4.2. За администрирање на постапката од правен аспект е задолжен секретарот на докторска школа.

## 5. Опис на процедурата

5.1 Кандидатот за доктор на науки по изработката на докторскиот труд до ОМДС поднесува Барање за проверка на студентското досие, *ОМДС.ОБ.13 Барање за проверка на студентско досие* за втор и трет циклус.

5.2 ОМДС ги известува членовите на Комисијата за проверка на студентското досие дека има поднесено Барање за проверка на досие. Комисијата се состанува по потреба.

5.3 Комисијата по извршената проверка на досието, ако досието е комплетно, изготвува и потпишува Извештај за досието, ОМДС.ОБ.27 Извештај од проверка на студентско досие на трет циклус комплетно

5.4 Ако досието не е комплетно се изготвува ОМДС.ОБ.28 Извештај од проверка на студентско досие на трет циклус некомплетно, и се задолжува советникот за магистерски и докторски студии да го извести студентот да изврши комплетирање на досието. По извршеното комплетирање се потпишува Извештај за досието, ОМДС.ОБ.27 Извештај од проверка на студентско досие на трет циклус комплетно

5.5 Извештајот од комисијата се доставува до студентот, а еден примерок се приложува во досието на студентот.

5.6 Интерниот и екстерниот ментор по извршената проверка на досието доставуваат Извештај, ОМДС.ОБ.32 *Завршен извештај од интерниот ментор за трет циклус)* и ОМДС.ОБ.33 *Мислење за завршниот извештај од интерниот ментор за конечната верзија на докторскиот труд).* Извештаите се архивираат од страна на советникот за магистерски и докторски студии.

5.7 По доставувањето на Извештајот од точка 5.4 и извештаите од точка 5.5, студентот поднесува ОМДС.ОБ.29 Барање за формирање на комисија за оценка и одбрана на докторскиот труд. Барањето се архивира од страна на советникот за магистерски и докторски студии

5.8 Во прилог на Барањето студентот доставува:

- 5 примероци од докторскиот труд (работна верзија),
- 15 примероци од авторезимето
- Извештај од комисијата за проверка на досието
- Извештај од интерниот ментор
- Мислење од екстерниот ментор
- Извештај од системот за проверка на плагијати
- Објавени научни трудови

5.9 Советникот го доставува барањето со прилозите, до ННС на Кампусот, односно до секретарот на докторска школа.

5.10 ННС на Кампусот формира Комисија за оценка на докторскиот труд.

5.11 Извештајот на комисијата за оценка се архивира од страна на советникот за магистерски и докторски студии.

5.12 Советникот, извештајот на комисијата за оценка со предлогот, го доставува до секретарот на докторска школа. Извештајот треба да биде во материјална.

5.13 Секретарот на докторска школа, извештајот на комисијата за оценка со предлогот го доставува до одделението за издавачка дејност и култура за објавување во Билтен и ННС на Кампусот.

5.14 Во рок од 15 дена од денот на објавувањето во Универзитетскиот билтен, заинтересираните лица можат да поднесат приговор на извештајот на комисијата. Приговорот се поднесува до наставно-научниот совет на кампусот преку комисијата.

5.15 Комисијата дава одговор на приговорот. Приговорот и одговорот на приговорот се објавуваат во Универзитетски билтен. Приговорот и одговорот се архивираат од страна на советникот за магистерски и докторски студии, а потоа се доставуваат до секретарот на докторска школа.

5.16 Секретарот на докторска школа приговорот и одговорот ги доставува до одделението за издавачка дејност и култура за објавување во Билтен.

5.17 По објавувањето во Билтен материјалот извештај, приговор и одговор, се доставува на ННС на Кампусот за одлучување.

5.18 ННС донесува одлука согласно Правилникот. Одлуките кои ги донесува ННС на Кампусот се архивираат од страна на советникот за магистерски и докторски студии.

5.19 Одлуката за Усвојување на Извештајот на Комисијата и формирање на Комисија за одбрана на докторскиот труд и определување на датумот на одбрана ги архивира советникот за магистерски и докторски студии и ги доставува на членовите на комисијата и кандидатот.

## 6. Мерење

Не се утврдени мерни точки.

## 7. Документи и прилози

**Документи:**

1. *ОМДС.ОБ.13 Барање за проверка на студентско досие* за втор и трет циклус
2. ОМДС.ОБ.27 Извештај од проверка на студентско досие на трет циклус комплетно
3. ОМДС.ОБ.28 Извештај од проверка на студентско досие на трет циклус некомплетно
4. ОМДС.ОБ.29 Барање за формирање на комисија за оценка и одбрана на докторскиот труд
5. ОМДС.ОБ.32 *Завршен извештај од интерниот ментор за трет циклус)*
6. ОМДС.ОБ.33 *Мислење за завршниот извештај од интерниот ментор за конечната верзија на докторскиот труд)*

**Прилог:**

**Содржина на студентско досие за трет циклус студии генерација 2011/2012, 2012/2013 и 2013/2014**

**1. Запишување на студенти**

1.1. Пријава (со таксена марка 50 ден.)

1.2. Диплома (оригинал или копија заверена кај нотар)

Студенти кои завршиле во странство треба да достават нострификација на дипломата во оригинал или копија заверена кај нотар

Студенти – странски државјани треба да достават нострификација на диплома во оригинал или копија заверена кај нотар

1.3. Уверение за положени испити (оригинал или копија заверена кај нотар)

Студенти кои завршиле во странство треба да достават еквиваленција на оценките

Студенти – странски државјани треба да достават еквиваленција на оценките

1.4. Доказа за познавање на странски јазик (оригинал или копија заверена кај нотар)
1.5 Уверение за државјанство (оригинал или копија заверена кај нотар)
Студенти – странски државјани треба да достават фотокопија од патна исправа заверена кај нотар
1.6. Биографија
1.7. Одлука од ННС на кампус за запишување на трет циклус
1.8. Договор за студирање
1.9. Изјава за согласност за ментор на студент на трет циклус студии

**2. Студирање**

2.1. Уписни листови (за секој семестар со таксена марка од 50 ден и оригинал уплатници за извршена уплата на партиципација колку изнесува како во договорот за студирање и другите обврски при запишувањето)
2.2. Семестрални листови (за секој семестар со таксена марка од 50ден. и оригинал уплатници за извршена уплата за семинарски и заверка на семестар)
2.3. Обрасци за задолжителни предмети и семинари за прв и втор семестар
2.4. Испитни пријави ( согласно студиската програма, на секоја испитна пријава прикачено уплатница и таксена марка од 50 ден.)
2.5 Два рецензирани трудови објавени во меѓународни списанија

**3. Пријава и одбрана на докторски труд**

3.1. Пријава на тема на докторски труд со наслов, образложение, план за работа и литература (уплатница и таксена марка од 50 ден.)
3.2 Одлука од ННС на Кампусот за формирање Комисија за утврдување на подобноста на темата и кандидатот за изработка на докторски труд
3.3 Извештај од Комисијата за подобноста на темата, тезите и кандидатот на докторски труд
3.4. Одлука од ННС на Кампусот за прифаќање на темата и определување на интерен и екстерен ментор
3.5. Барање за отворање на студентско досие (со таксена марка од 50 ден)
3.6. Извештај од комисијата за проверка на студентско досие
3.7. Извештај од интерниот ментор
3.8. Мислење од екстерниот ментор
3.9 Потврда од лектор
4.0. Примерок од изработениот труд
4.1 CD од докторскиот труд
4.2 Потврда за лекториран труд
4.3 Барање за формирање на комисија за оценка
4.4 Одлука од ННС за формирање на комисија за оценка и одбрана
4.5. Извештај од Комисијата за оценка
4.6 Билтен во кој е објавена Извештајот од комисијата
4.7. Одлука за прифаќање на извештајот од комисијата за оценка, формирање на комисија за одбрана и определување на датум на јавната одбрана
4.8 Исечок од дневен весник од објавеното Соопштение за датумот за јавна одбрана

4.9 Записник за одбрана

5.0 Уверение за завршен трет циклус студии (оригинал уплатница за уверение и уплатница за диплома и футрола за диплома)

**4. Финансиски документи**

Уплатници за партиципација ...

Ректор
Проф. д-р Блажо Боев